1. Со ова Решение на Општина Неготино се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино.**
Вкупната површината на планскиот опфат изнесува 0,219 Ха.

Предметниот опфат се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена инфарструктурна градба (локален пат за приклучок за ул. 4 до Регионален пат Р1103) КО Неготино, Општина Неготино, со тех.бр.Y40622.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y41022** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот наменети за индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на дел од КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на дел од КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Просвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Неготино, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 45353 од 23.08.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на КП 3882 во КО Неготино, Општина Неготино.

Предметниот опфат се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена инфарструктурна градба (локален пат за приклучок за ул.4 до Регионален пат Р1103) КО Неготино, Општина Неготино, со тех.бр.У40622.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на дел од КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2347/2022 од 02.12.2022 година.

Условите за планирање на просторот **со намена индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, на КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Рвиф Сулејмани
Одобрил: Соња Фурнаџиска

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

С О Д Р Ж И Н А:

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

ВОВЕДЕН ДЕЛ

1.ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ

1.1 ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА

1.2 ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

2.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

3.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ПРОЕКТЕНОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИТЕ РЕШЕНИЈА И НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

3.1 Географски карактеристики на Општина Неготино

3.2 Климатски карактеристики на Општина Неготино

3.3 Геолошки карактеристики на Општина Неготино

3.4 Сеизмички карактеристики на Општина Неготино

4.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ДЕМОГРАФСКИ, ЕКОНОМСКИ, СТОПАНСКИ, СООБРАЌАЈНИ, СОЦИЈАЛНИ И ДР.ЧИНИТЕЛИ

5.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ

6.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ , КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДР.

8.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ / кон документациона основа /

1. Ажурирана геодетска подлога
2. Карта на изграден градежен фонд
3. Карта на изградена комунална инфраструктура

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ. Бр. 32/20) по претходно обезбедени Услови за планирање, Проектна програма одобрена од надлежниот орган, Мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.Станува збор за изработка на урбанистичко проектна документација која ќе овозможи формирање и разработка на градежна парцела.

Оваа проектна документација се изработува во соогласност со добиени Услови за Планирање со Одлука бр. Y41022 од ноември 2022 год**.** и Решение за услови за планирање на просторот УП1-15 2347/2022 од 29.12.2022 год. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино**,** се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот.

Документацијата ќе биде изработена во согласност новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребен број на графички прилози.

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ

1.1 Опис на локацијата

Проектниот опфат ја зафаќа катастарската парцела **КП3882, КО Неготино, Општина Неготино**. **Површина на проектниот опфат е 2194,43 м^2 или 0,219 ha.** Теренот е со пад од северо-запад кон југо-исток. Проектниот опфат се наоѓа на северо-запад од Неготино. Пристап до проектниот опфат е обезбеден од новопроектиран асфалтиран пат кој поминува покрај северо-западна граница на проектниот опфат.

Граници на проектниот опфат се:
- на североисток КП 3883
- на северозапад КП 3888
- на југозапад КП 3881
- на југоисток КП 4208

Со изработката на Урбанистичко проектна документација, треба да се обезбедат услови за развој. Во границите на проектниот опфат не постојат

градби. Општината има потреба од донесување на ова документација со што би можела да му понуди на инвеститорот изградба објект кој ќе биде во функција на производство.

Поради ова целта на изработка на УП-то е формирање и дефинирање на градежна парцела, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со класификација на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори.

1.2 Геодетско одредување на проектен опфат

Површина на градежна парцела **2194,43** м^2

1	7590167,72	4593802,72
2	7590200,31	4593779,29
3	7590181,01	4593757,81
4	7590162,18	4593739,81
5	7590139,57	4593756,19
6	7590128,35	4593760,33

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Предметниот локалитет е во близина со ГУП за град Неготино со број 147 со извод број: 11-226 од 05.07.2022 на источна страна, и УПВНМ со број 148 за лесна индустрија (КП 3891/1, 3891/3, дел од КП бр.4208 и 3892) КО Неготино, одлука број 07-37/9 на западна страна и е изработен според добиени Услови за Планирање со Одлука бр. Y41022 од ноември 2022 год**.** и Решение за услови за планирање на просторот УП1-15 2347/2022 од 29.12.2022 год.

1. Урбанистичко проектната документација е изработена врз основа на Проектната програма, Ажурираната геодетска подлога, увидот од лице место, потребите на инвеститорот како и важечката планска документација.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ПРОЕКТЕНОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИТЕ РЕШЕНИЈА И НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

3.1 Географски карактеристики на Општина Неготино

Неготинска општина го зазема централниот дел од Р.Македонија на главните комуникациски правци помеѓу источна и западна Македонија. Градот Неготино, во однос на природно-географската средина, припаѓа на Вардарскиот регион а според природните услови, на Тиквешко-раечкиот микрорегион.

3.2 Геолошки карактеристики на Општина Неготино

Градот Неготино и неговото непосредно окружување од геолошки аспект припаѓа на Вардарската геотектонска зона. Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења е изразито сложен, односно го сочинуваат алувијално делувијални седименти, неогена песокливасерија.

Градот Неготино и неговото непосредно окружување од геолошки аспект припаѓа на Вардарската геотектонска зона. Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења е изразито сложен, односно го сочинуваат алувијално делувијални седименти, неогена песоклива серија, неоген бигровит варовник, квартерни песоци, чакали, туфови и бречи. Имајќи го во предвид споменатиот геолошки состав, земјишните слоеви на кои е изградено Неготино задоволуваат како во однос на носивоста такаи и во однос на влагата особено сооглед на фактот да не постои никаква опасност од подземни води.

3.3 Сеизмички карактеристики на Општина Неготино

Подрачјето на општина Неготино се наоѓа во Вардарската сеизмогена зона со максимална регистрирана јачина на поместување на тлото од 7° по МЦС скалата. Горната граница на магнитудата на очекуваните земјотреси е 8° по МЦС скалата. Теренот според инженерско –геолошките карактеристики е претежно стабилен со постојани физичко-механички својства кои не подлежат на битни измени под влијание на надворешни фактори или на човекот.

3.4. Климатски карактеристики на Општина Неготино

Климатските и микроклиматските карактеристики за овој терен се земени од мерните станици Неготино. Подрачјето на регионот се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир-Каписката клисура и на континентална клима која продира од север. Во овој простор има интензивна инсолација со време траење од 2230 часа сончев сјај годишно. Подрачјето е оскудно со врнежи. Просечно годишно врнежите изнесуваат 437 мм, со максимум во есен и пролет. Градот Неготино е лоциран на најсушното подрачје во Републиката. Појавата на магли е ретка, додека ветровите се чести и најголема честина имаат од насоките север - северо-запад.

3.5. Хидролошки карактеристики на Општина Неготино

Хидрографската мрежа е изразито ретка, составена од реката Вардар. Од хидрографски аспект теренот на градот располага со слабо издашни извори. Подземните води се на голема длабочина, освен на теренитe околу Тимјаничка река.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ДЕМОГРАФСКИ, ЕКОНОМСКИ, СТОПАНСКИ, СООБРАЌАЈНИ, СОЦИЈАЛНИ И ДР.ЧИНИТЕЛИ

Проектниот опфат е дефиниран со границите на една катастарска парцела **КП 3882, КО Неготино, Општина Неготино** и до него е обезбеден пристап со новопроектиран пат според **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р 1103), КО Неготино, Општина Неготино**, од југо - западна страна. Не се евидентирани градби во подрачјето на проектниот опфат. Начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и стварање услови за планирање на организирани простори на градба кои ке бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ

Не се евидентирани градби во подрачјето на проектниот опфат.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДР.

Во границите на проектниот опфат не постои градби или споменички целини кои претставуваат евидентирано културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Р.Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на Р.М бр.20/04, 115/07 и 18/11).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Инфраструктура сообраќај /постоечка/

Пристап до проектниот опфат е обезбеден од до него е обезбеден пристап со новопроектиран пат според **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат**

за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино, од југо - западна страна.

Водоводна и канализациона инсталација /постоечка/

Според добиените податоци во предвидениот проектен опфат нема подземни инсталации од водовод и канализација

Електрични инсталации /постоечка/

Според добиените податоци во предвидениот проектен опфат нема подземна и надземна електрична мрежа.

Телефонски инсталации /постоечка/

Според добиените податоци покрај проектниот опфат нема телекомуникациски инсталации.

Катастарска парцела	Намена на објект	Површина на КП ($м^2$)
3882	Неизградена површина	2194.42
ВКУПНО		**2194.42**

Составил, Методи Хаџи-Андов д.и.а.

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ / КОН ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА /



ЛЕГЕНДА:

- Опфат
- Асфалт
- Граница на кат.парцела
- 1,2,3 Број на кат.парцела
- изохипса 0.5
- изохипса 1
- изохипса 5
- 174.02 надморска височина
- 46 број на геодетска точка

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

П А Р А М Е Т А Р

лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Лазаров Цветко

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а. 0.0583

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

соработници:
Игор Сугарчев диа.
Сашо Андријевски миа.
Тијана Стојковска миа.
Димитар Стефановски миа.
Милош Андоновиќ арх.
Иван Тодоровски арх.

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број
04-229/2022

РАЗМЕР: 1:500
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023

лист број **1**



ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. - ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИш ТЕ

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

П А Р А М Е Т А Р

лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Лазаров Цветко

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а. 0.0583

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И НА ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ

соработници:
Игор Сугарчев диа.
Сашо Андријевски миа.
Тијана Стојковска миа.
Димитар Стефановски миа.
Милош Андоновиќ арх.
Иван Тодоровски арх.

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број
04-229/2022

РАЗМЕР: 1:500
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023

лист број
2



ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. - ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ИНФРАСТУРКТУРА:

- ПОСТОЕЧКИ АСФАЛТЕН ПАТ

- ПОСТОЕЧКИ А.Б. ФЕКАЛЕН КАНАЛ

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

П А Р А М Е Т А Р

лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Лазаров Цветко

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а. 0.0583

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА

соработници:
Игор Сугарчев диа.
Сашо Андријевски миа.
Тијана Стојковска миа.
Димитар Стефановски миа.
Милош Андоновиќ арх.
Иван Тодоровски арх.

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ**

тех.број
04-229/2022

РАЗМЕР: 1:500
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023

лист број
3

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

С О Д Р Ж И Н А:

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
2.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ ЗА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ОПРЕДЕЛЕНА СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ДР.
3.ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ
4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ
4.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ
4.3 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ
4.4 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО
4.5 ЗАШТИТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ
4.6 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
4.7 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ: ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ: ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

0. План на намена на земјиштето
1. Регулациски План и план на површини за градба
2. Сообраќајно решение со нивелмански план
3. Инфраструктурен план
4. Партерно уредување и озеленување
5. Урбанистичко решение

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Просторот кој е тема на разработка на оваа Урбанистичко проектна документација, се наоѓа во КО Неготино, на југо – западниот раб на Генералниот урбанистички план на градот Неготино.

Проектна документација се изработува во согласно со Проектната програма одобрена од надлежен орган и Законот за урбанистичко планирање (“Службен Весник на РСМ”, број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен Весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребен број на графички прилози.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино, се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот. Изготвувањето на планот се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ “бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Цел на Урбанистичкиот проект е урбанизација на конкретниот проектен опфат со дефинирање на граница на градежна парцела, дефинирање на класа на намена и површина за градење, како и дефинирање на сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри според Правилникот за урбанистичко планирање.

Површина на градежна парцела **2194,43** м^2

1	7590167,72	4593802,72
2	7590200,31	4593779,29
3	7590181,01	4593757,81
4	7590162,18	4593739,81
5	7590139,57	4593756,19
6	7590128,35	4593760,33

Граници на проектниот опфат се:

- на североисток КП 3883
- на северозапад КП 3888
- на југозапад КП 3881
- на југоисток КП 4208

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ ЗА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ОПРЕДЕЛЕНА СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ДР.

- Урбанистичко проектно решение на намена на површина на проектен опфат, намена на површина за градење, градежна парцела, регулаторни и градежни линии

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино, е на една катастарска парцела на која ќе се формира една градежна парцела.

Теренот е со пад од северо-запад кон југо-исток. Пристап до проектниот опфат ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино** до идните градежни парцели и одобрување на истиот претставува **услов за добивање на одобрение за градбата**. Површината на проектниот опфат изнесува **0,219 ha.**

Со урбанистичкиот проект се дефинира граница на градежната парцела, како и сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за изградба на објекти според дефинираната намена **Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори**. Дефинирана е една градежна парцела, чии граници се детално прикажани во графичките прилози. Урбанистичките параметри се прикажани табеларно. Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на **10 метри** од кота на заштитен тротоар. Формирана е површина за градење чија градежна линија е дефинирана на растојание од 5-7м од северно-источната страна, 17-15,5м од јужно-источната страна, 9-5,5м, 5-6м од северно-западната страна. Со општите и посебни услови за градење се дефинираат конкретните услови за градење во рамките на предвидената градежна парцела.

- Урбанистичко проектно решение на намена на земјиште за општа употреба

Пристапната улица е поставена околу површината за градење, со цел да се овозможи пристап во објектот од сите 4 страни, додека влезот во локацијата е од југо-западната страна од новопроектираниот пат, дефиниран според **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба**

(локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино.

- Урбанистичко проектно решение на комунална инфраструктура

Водоводна инсталација - Планирана

Во рамки на проектниот опфат не постои изведен водовод. Водоснабдувањето на локалитетот ќе реши со изградба на водовод со приклучок на градската водовона мрежа.

Фекална канализација - Планирана

Фекалните води од објектот се предвидува да се одводнат преку предвидена фекална канализација која ќе се вклучи во предвидена фекална мрежа. Канализационата мрежа треба да биде усогласена со содржината на објектите, дадени со урбанистичкиот проект. Димензионирањето на внатрешната канализациона мрежа ќе се изврши со Основниот проект.

Електро-енергетска и телекомуникациска мрежа

За конкретните услови за обезбедување приклучок на електричната мрежа на новопредвидените објекти, ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност од надлежното претпријатие. Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

- **Урбанистичко проектно решение на сообраќајно решение**

Во однос на сообраќајното решение показателите ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р.Македонија.

Врската до градежнита парцела која е предмет на разработка на оваа урбанистичка документација ќе се обезбеди со изработка на Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино до идните градежни парцели и одобрување на истиот претставува услов за добивање на одобрение за градбата.

Паркирањето и гаражирањето во проектниот опфат ќе се одвива во парцелите согласно чл.134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1 Општи услови за градење

Регулациона линија е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели, наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ги разграничува градежните парцели од пристапната улица.

Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

Граница на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).

Во графичките прилози означени се градежните линии со детално котирање на растојанијата до границите на градежните парцели и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба. Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Оградувањето на градежната парцела дефинирани со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори на КП3882 Ко Неготино, Општина Неготино,** ќе биде во

согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Во урбанистички проект процентот се движи до **34.45%**. Во процентот на изградената не влегуваат површините на подземните градби.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Истиот, согласно предвидената површина за градење во овој урбанистички проект изнесува **0,69**.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Се дозволува градење под земја во граници на градежната парцела, дефинирана со урбанистичкиот проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Паркирањето ќе се решава во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ “бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект намената на земјиштето се дефинира во рамките на група на класа на намена **Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори**. Предвидени се компатибилни намени Б1 - мали комерцијални и деловни намени, Б2 - големи трговски единици, Б4 - деловни простори, Д2 - заштитно зеленило, Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г4 - стоваришта.

Сообраќај

Пристап до проектниот опфат ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино** до идните градежни парцели и одобрување на истиот претставува **услов за добивање на одобрение за градбата**.

Водовод и канализација

Во рамки на проектниот опфат не постои изведен водовод. Водоснабдувањето на локалитетот ќе реши со изградба на водовод до градската приклучна мрежа.

Електро-енергетска мрежа

За конкретните услови за обезбедување приклучок на електричната мрежа на новопредвидениот објект, ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност од надлежното претпријатие. Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

3.2 Посебни услови за градење

Во градежната парцела 1, која е со вкупна површина од **2194.42 м^2** , предвидена е максимална површина за градба од **756м^2** и вкупна изградена површна на сите катови од **1512м^2**. Процентот на изграденост е **34,45%**, а коефициентот на искористеност **0,69**.

Класа на намена: **Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори**, предвидени се компатабилни класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Б2 – големи трговски единици, Б4 – деловни простори, Д2 – заштитно зеленило, Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г4 – стоваришта со максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот 40%.

Предвидена е максимална висина од **10м** и катност **П+1**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ “бр. 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23).

Пристап до градежната парцела ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р1103), КО Неготино, Општина Неготино** до идните градежни парцели и одобрување на истиот претставува **услов за добивање на одобрение за градбата**.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Влез во предвидената градежна парцела е обезбеден од југо-западната страна, од каде се обезбедени и услови за пристап на противпожарни возила. Минималните растојанијата на новата градба до границата на парцелата треба да изнесуваат ½ од висината на градбата која гарантира сигурност и заштита од

ширење пожар од една на друга градежна парцела. При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Инвеститорот е должен во постапката на добивање одобрение за градење да достави елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

4.2 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во Просторниот план на Република Македонија е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на улиците, врз основа на што е изработено и планираното решение. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС. Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економскотехнички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите. За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба. Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува: - брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла) - брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила - непречена интервенција - штетите да се сведат на минимум - брза санација на последиците.

4.3. Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработката на проектната документација за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се: Нивелирање на партерните површини во рамките на парцелата со падови кои ќе овозможат непречено одведување на атмосферските води. Поставување масивни оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

4.4 Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на урбанистичката проектна документација, со оглед на конфигурацијата на теренот не се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, но доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

4.5 Заштита на животна средина (загадување)

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна

вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, .83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на урбанистичкиот проект, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. Исто така потребно е да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

4.5.1 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација. Фекалните отпадни води преку затворен систем на канализациони цевки ќе се одведуваат во предвидената фекална канализација. Атмосферските води од поплочаните партерни површини и од објектите преку затворен систем на атмосферска канализација ќе се одведуваат во попивателни бунари со претходнен нивен третман во сепаратори на масти за нивно пречистување до потребниот степен на чистота.

4.5.2 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

4.5.3 Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот. За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

4.6 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето

и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

4.6.1 Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

4.7 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат истите одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ “бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17, 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23). При изградба на нови објекти и содржини во просторот се пременуваат мерките за спечување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет.

